**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локална улица во н.м. Волино во општина Дебрца“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за санација на локална улица во населба Волино ќе се одвиваат во општина Дебрца. Општината се наоѓа во југозападниот дел на РНМ и е дел од Југозападниот плански регион. Вкупната површина на општината е 425,39 $km^2$ и според последниот попис од 2021 година вкупно има 3.719 жители. Проектните активности во н.м. Волино се планирани на локална улица со вкупна должина од 1.394m и променлива ширина од околу 4,0-4,5 m. Оваа улица е главната артерија во уличната мрежа во н.м. Волино, која ја поврзува оваа населба со селата Требеништа и Мешеишта. Проектната улица служи и за внатрешно и надворешно со околните градови и општини. Проектното подрачје каде што ќе се одвиваат проектните активности за рехабилитација на локалната улица е во рурална средина во општина Дебрца. Улицата започнува веднаш по мост на река Сатеска (канал), на локалниот пат кој води кон н.м. Требеништа и завршува кај мост на истата река, кој продолжува со локален пат кој води кон н.м. Мешеишта. На ниту еден од двата моста не се планира да се изведуваат проектни активности. По должината на трасата има станбени куќи и дворови со огради. Во јужниот дел на населбата, на околу 100 m од локацијата на проектот, се наоѓаат гробиштата Волино со пристап од проектната улица. Населбата има вкупно три цркви во близина, од кои две (Св. Богородица и Св. Недела) се наоѓаат покрај трасата. Црквата Св. Никола се наоѓа на околу 100 m од локацијата на проектот. Во центарот на селото се наоѓаат чешма, споменик од втора светска војна, маркети, кафе бар, детско игралиште и основното училиште „Дебрца“ со игралиште. Во северниот дел на населбата на околу 200 m од улицата на проектот, се наоѓа фудбалско игралиште до кое се стигнува од друга улица. Предметната улица е асфалтирана улица во многу лоша состојба. Обезбедувањето информации во реално време за основното училиште и за црквите лоцирани покрај улиците пред почетокот на рехабилитационите работи е од суштинско значење за организирање на нивните секојдневни активности.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици н.м. Волино во општина Дебрца“ е достапна на следниве веб-страни:**

- Општина Дебрца (https://debrca.gov.mk/)
- МТВ: http://mtc.gov.mk/
- ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:** ____________________________<br><br>**тел:** _______________________________ |

**Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:**

| | |
|---|---|
| **Потпис**<br><br>______________________ | **Дата**<br><br>_____________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици во н.м. Волино во општина Дебрца“, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**Е-пошта: joze.jovanovski.piu@mtc.gov.mk**

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Рехабилитација на локални улици во н.м. Волино во општина Дебрца“**

**(датум на објава: 20.04.2023)**

**Референтен број: _______________________________**

(**пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот**)